Предлагач: Група Пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, април 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 30. 04. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2522/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

ПРАТЕНИЦИ:

Симонија Ангелова

Карошин Наковски

Јулија Тушевска

Катерина Димитровска

Бети Стаменковиќ Трајковиќ

Зијана Илиевска

Силвана Ангеловска

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во одредбите од Законот за средното образование не се опфатени и регулирани постапките за вработување на воспитувач во средно училиште кое во својот состав има ученички дом, условите кои треба да исполни лицето да се вработи како воспитувач, реализацијата на приправничкиот стаж и полагањето на стручниот испит и стекнувањето со уверение за положен стручен испит за воспитувач. Исто така потребно е и да се уреди и постапката за трансформацијата на работниот однос на воспитувач од определено во неопределено време. Со овој закон се воведува и нова категорија на административен службеник во средните училишта - советник за сметководствени работи (сметководител).

Со цел да надминат овие правни празнини во Законот за средното образование, се пристапи кон донесување на овој закон.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целите и начелата на овој закон се согласно целите и начелата во Законот за средното образование.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 229/20 и 78/25), во член 41 во став (6) во алинејата 3 зборовите: „воспитно-дисциплинска мерка“ се заменуваат со зборовите: „педагошка мерка отстранување од училиштето и“.

Член 2

Во член 59-б во став (2) во алинејата 2 по зборот „(секретар)“ се додаваат зборовите: „и советник за сметководствени работи (сметководител)“.

Член 3

Членот 60 се менува и гласи:

„(1) Воспитувачот го избира директорот на средното училиште со ученички дом, по пат на јавен оглас и заснова работен однос на определено време до завршување на учебната година.

(2) Јавниот оглас од ставот (1) на овој член, се објавува во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик. Огласот трае најмалку три до најмногу осум работни дена од денот на објавувањето.

(3) Средното училиште, пред да распише јавен оглас за вработување, потребата од воспитувач на определено време ја обезбедува со воспитувач со соодветно образование со неполн фонд на работни часови од друго јавно средно училиште во општината, по обезбедена согласност за вработување на определено работно време од Министерството.“.

Член 4

По членот 60 се додаваат три нови членови 61, 62 и 63, кои гласат:

„Член 61

(1) За воспитувач во средно училиште со ученички дом може да се вработи лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,

- да има соодветно образование согласно со нормативот за воспитувач и

- добиена е согласност за вработување на определено време од Министерството.

(2) Приправничкиот стаж на воспитувачот по правило трае една година, за кој период му се определува ментор, кој ја следи работата на приправникот и

подготвува извештај за неговата подготвеност за полагање на стручниот испит, кој го доставува до наставничкиот совет на средното училиште.

(3) Воспитувачот од став (1) на овој член, е должен стручниот испит да го пријави во првиот нареден испитен рок по истекот на приправничкиот стаж.

(4) Приправникот по истекот на приправничкиот стаж полага стручен испит кој го организира Државниот испитен центар преку стручни комисии за спроведување на приправничкиот испит, формирани од директорот на Државниот испитен центар од редот на вработените административни службеници/даватели на јавни услуги во Бирото и Државниот испитен центар и од воспитувачи во средните училишта кои имаат најмалку седум години работен стаж во верифицирана воспитно-образовна установа.

(5) Воспитувачот за полагање на стручниот испит плаќа надоместок, чија висина ја утврдува министерот за образование и наука, врз основа на реалните трошоци за спроведување на стручниот испит (подготвување на материјали за полагање, печатење и издавање на уверението за положен стручен испит и слично). Надоместокот за полагање на стручен испит е приход на Државниот испитен центар.

(6) Воспитувачот кој нема да го положи стручниот испит, должен е повторно да го пријави и полага испитот во наредниот испитен рок. Доколку не го положи и во наредниот испитен рок, му престанува работниот однос во средното училиште.

(8) На воспитувачот кој го положил стручниот испит му се издава уверение за положен стручен испит, најдоцна во рок од 15 дена од денот на полагањето на стручниот испит. Уверението го издава Државниот испитен центар, а го потпишува директорот на Државниот испитен центар. Уверението се издава во три примероци од кои едниот примерок му се доставува на воспитувачот кој го положил стручниот испит, вториот се доставува до средното училиште и се приложува во неговото персонално досие, а третиот се чува во архивата на Државниот испитен центар.

(9) За издадените уверенија од став (8) на овој член, Државниот испитен центар води електронска евиденција

(10) Програмата за полагање на стручниот испит на воспитувачот, ја донесува министерот, на предлог на Бирото.

(11) Формата и содржината на уверението за положен стручен испит на воспитувач, ги пропишува министерот, на предлог на Државниот испитен центар.

(12) Нормативот за воспитувач од ставот (1) алинеја 2 на овој член, го утврдува министерот, на предлог на Бирото.

Член 62

(1) Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас од член 60 став (1) од овој закон, преку поднесување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место.

(2) Комисијата за селекција, која ја формира директорот на средното училиште, е составена од три члена од редот на вработените воспитувачи, наставници и стручни соработници во јавното средно училиште, е должна во рок од три дена од истекот на рокот за пријавување на огласот да провери дали кандидатите ги доставиле задолжителните докази за исполнување на условите од огласот, доколку со посебен закон не е поинаку уредено.

(3) По извршената проверка на документацијата на кандидатите, Комисијата за селекција документацијата за кандидатите кои ги исполнуваат условите ги доставува до училишниот одбор. Училишниот одбор му предлага на директорот кандидат за воспитувач.

(4) Воспитувачите кои се вработуваат на постојни работни места испразнети по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт, преземање или друго, а за кои работни места биле обезбедени финансиски средства, можат да засноваат работен однос без објавен јавен оглас, на определено време, најмногу до три месеца со согласност од градоначалникот за општинските средни училишта, училишта на град Скопје, односно министерот за државните средни училишта.

Член 63

(1) Во дејноста на средното образование трансформацијата на работниот однос од определено во неопределено време на воспитувач во средно училиште со ученички дом, е дозволена само ако:

- воспитувачот има работен стаж повеќе од две години во воспитно-образовна установа верифицирана од Министерството, со прекин или без прекин,
- воспитувачот е на работното место за кое се бара трансформација, испразнето по основ на пензионирање, отказ, смрт или други основи и се обезбедени финансиски средства,
- воспитувачот ги исполнува условите предвидени во нормативот за воспитувач,
- работодавачот утврди дека има трајна потреба од воспитувач и истото нема да предизвика престанок на работен однос на веќе вработениот наставен и друг кадар поради деловни причини (технолошки вишок),
- воспитувачот има положен стручен испит и
- е добиена согласност за трансформација на работен однос од Министерството.

(2) Барањето за трансформација на работен однос, средното училиште го доставува до Комисијата за трансформација на работен однос (во натамошниот текст: Комисијата за трансформација), која ја формира градоначалникот на општината/градот Скопје, односно министерот за државните средни училишта и е составена од три члена, и тоа: по два член од општината/градот Скопје, односно Министерството, и еден член од репрезентативниот синдикат за образование. Претседател на Комисијата за трансформација е еден од претставниците од општината/градот Скопје, односно Министерството.

(3) Комисијата за трансформација се формира за период од три години.

(4) Кон барањето за трансформација на работниот однос, средното училиште до Комисијата за трансформација доставува:

- извештај за остварен работен стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија,
- изјава од директорот на средното училиште дека постојното работно место за кое се бара трансформација е испразнето по основ на пензионирање, отказ, смрт или други основи и се обезбедени финансиски средства,

- изјава од директорот на средното училиште дека има трајна потреба од лицето и нема да предизвика престанок на работен однос на веќе вработениот наставен и друг кадар поради деловни причини (технолошки вишок),

- копија од диплома/уверение за завршено соодветно образование согласно со нормативот,

- копија од уверение за положен стручен испит и

- анализа на работните места на ниво на средното училиште.

(5) Комисијата за трансформација врши проверка на доказите од ставот (4) на овој член и изготвува извештај со предлог за трансформација само за лицата кои ги исполнуваат условите за трансформација на работен однос. Извештајот со предлогот потребно е да содржи и анализа на работните места на ниво на средно училиште и на општина/град Скопје и истиот задолжително треба да биде потпишан од сите членови на Комисијата за трансформација.

(6) Комисијата за трансформација за општинските средни училишта, односно училишта на град Скопје извештајот со предлогот од ставот (5) на овој член, го доставува до Министерството.

(7) На воспитувачите кои не ги исполнуваат условите од ставот (1) на овој член, Комисијата за трансформација ги враќа документите на средното училиште со образложение, во рок од седум дена од денот на разгледувањето на истите.

(8) Директорот на средното училиште врз основа на известувањето од ставот (7) на овој член, во рок од седум дена од денот на добивањето на известувањето, донесува одлука за одбивање на трансформација на работниот однос.

(9) Воспитувачот кој не е задоволен од одлуката од ставот (8) на овој член, има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(10) Жалбата од став (9) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) Министерството врз основа на извештајот со предлогот од ставот (5) на овој член, за лицата кои ги исполнуваат условите за трансформација на работен однос во рок од десет работни дена, дава согласност за трансформација на работниот однос.

(12) Директорот на средното училиште врз основа на дадената согласност од ставот (11) на овој член, во рок од седум дена од денот на добивањето на согласноста, донесува одлука за трансформација на работниот однос.".

Член 5

Во член 91 во ставот (14) зборовите: „педагог или психолог" се заменуваат со зборовите: „односно стручен соработник".

Ставот (15) се менува и гласи:

„Ако наставникот, односно стручниот соработник од ставот (14) на овој член, не може да се врати во училиштето каде работел пред да биде избран за директор,

наставникот односно стручниот соработник се распоредува и заснова работен однос на неопределено работно време на соодветно работно место во друго училиште на подрачјето на општината, односно Градот Скопје.“.

Член 6

Во член 93-а во ставот (3) зборот „наставник“ се заменува со зборовите: „наставник/наставник во средно училиште со ресурсен центар/наставник кој изведува индивидуална настава“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Доколку во средното училиште со ресурсен центар кој во својот состав има ученички дом, се сместуваат и ученици/студенти согласно Законот за ученичкиот стандард, односно Законот за студентскиот стандард, платата на директорот се зголемува за 15%.“.

Ставот (4) станува став (5).

Член 7

Во член 93-в во ставот (4) по зборот „министерот“ се додава зборот „најдоцна“.

Член 8

Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со член 1 во член 41 во став (6) во алинејата 3 зборовите „воспитно-дисциплинска мерка“ се заменуваат со со зборовите „педагошка мерка отстранување од училиштето и“. Истото е заради терминолошко усогласување со останатите одредби од Законот за средното образование.

Со членот 2 во членот 59-б во ставот (2) во алинејата 2 се додава нова категорија на административен службеник- советник за сметководствени работи (сметководител).

Со членот 3 се менува членот 60, а со членот 4 по ставот 60 се додаваат три нови членови 61, 62 и 63 и истите чинат една целина со која се уредуваат постапките за вработување на воспитувач во средно училиште кое во својот состав има ученички дом, условите кои треба да исполни лицето да се вработи како воспитува, реализацијата на приправничкиот стаж и полагањето на стручниот испит и стекнувањето со уверение за положен стручен испит за воспитувач. Исто така се уредува и постапката за трансформацијата на работниот однос на воспитувач од определено во неопределено време.

Со членот 5 во членот 91 во ставовите (14) и (15) се врши терминолошко усогласување, односно зборовите „педагог и психолог“ се заменуваат со зборовите „односно стручен соработник“, заради усогласување со ставот (2) на истиот член.

Со членот 6 во членот 93-а во ставот (3) се врши допрецизирање на одредбата во насока дека зборот „наставник“ се заменува со зборовите „наставник/наставник во средно училиште со ресурсен центар/наставник кој изведува индивидуална настава“. Истото е заради усогласување со Колективниот договор за средното образование, во кој се наведени овие категории на наставници.

Со членот 7 во членот 93-в во ставот (4) се врши допрецизирање на рокот во кој училишниот одбор донесува одлука за објавување на јавен оглас за избор на директор

Со членот 8 се регулира дека подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со членот 9 се уредува влегувањето во сила на овој законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани и истите прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование се дефинираат одредби за постапките за вработување на воспитувач

во средно училиште кое во својот состав има ученички дом, условите кои треба да исполни лицето да се вработи како воспитувач, реализацијата на приправничкиот стаж и полагањето на стручниот испит и стекнувањето со уверение за положен стручен испит за воспитувач. Исто така се уредува и постапката за трансформацијата на работниот однос на воспитувач од определено во неопределено време. Со овој закон се воведува и нова категорија на административен службеник во средните училишта - советник за сметководствени работи (сметководител).

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 41

(1) Статус на ученик во средното образование се стекнува со запишување во средно училиште.

(2) Статус на редовен ученик може да се стекне само во едно средно училиште.

(3) Вонредни ученици се лица кои образованието го стекнуваат по пат на полагање испити според одреден наставен план, наставна програма и испитна програма во средното училиште.

(4) Вонредните ученици запишани за наставен план, наставна програма и испитна програма во стручното образование, задолжително реализираат практично образование.

(5) Учениците од став (4) на овој член, може да се запишат за сите видови на образование, освен за наставни програми од секторите за кои министерот донел решение од член 34 став (5) од овој закон.

(6) Како вонреден ученик може да се запише лице кое исполнува еден од следниве услови:

- да е постар од 17 години,
- да е на боледување подолго од шест месеци,
- да му е изречена воспитно-дисциплинската мерка губење на статусот на редовен ученик,
- да е во работен однос или
- во други случаи утврдени со статутот на средното училиште.

(7) Лице кое завршило основно училиште во странство може да се запише во средно училиште ако му е признато основното образование стекнато во странство.

(8) Поднесувањето на пријавите за запишување во јавно средно училиште, по објавениот конкурс од член 42 ставови (1) и (2) од овој закон, може да бидат поднесени во електронска форма преку електронска апликација на интернет страницата на Министерството, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) При запишување на вонредните ученици заради причините во став (6) на овој член, во прва година на средното образование, потребно е да се исполнети условите утврдени во конкурс за запишување на учениците во средно образование во прва година.

(10) Вонредните ученици спрема кои се изречени санкции и се упатени на извршување на санкциите во воспитно-поправните и казнено-поправните установи, се ослободени од плаќање на трошоците за стекнување со средно образование.

(11) Вонредните ученици со попреченост кои имаат проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост кои средното образование го стекнуваат преку ИОП или модифицираната програма, се ослободени од плаќање на трошоците за стекнување со средно образование.

(12) Начинот на реализација на средното образование за вонредни ученици од ставовите (3) и (4) на овој член, на предлог на Бирото и Центарот, го утврдува министерот.

Член 59-б

(1) Вработените во средните училишта кои вршат работи од административна природа заради остварување на дејноста средно образование имаат статус на административни службеници.

(2) За вработените од ставот (1) на овој член се утврдуваат следните нивоа на работни места:

- категорија В - стручни
- ниво В1 советник за нормативно правни работи (секретар),
- категорија Г помошно - стручни
- ниво Г1 самостоен референт (технички секретар кој врши благајнички и други слични работи) и
- ниво Г2 виш референт (благајник и технички секретар).

Член 60

Изборот на наставници, стручни соработници и воспитувачи по пат на јавен оглас, го врши директорот на јавното училиште по предлог на конкурсна комисија, а за приватните средни училишта органот што го овластил основачот.

Јавниот оглас од став 1 на овој член се објавува најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

На јавниот оглас од ставот 1 на овој член може да се пријави и лице без положен стручен испит и да заснова работен однос на определено време до крајот на учебната година.

Без положен стручен испит не може да се заснова работен однос на неопределено време.

При изборот на стручни соработници, воспитувачи и друг ненаставен кадар во јавните средни училишта, се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, без да се нарушат критериумите пропишани со овој закон.

(6) Средното училиште, пред да распише јавен оглас за вработување, потребата од работник на определено време ја обезбедува со преземање на работник со соодветно образование и со неполн фонд на наставни часови од друго јавно училиште во општината, а за градот Скопје од другите училишта во градот Скопје.

(7) Евиденцијата за вработениот кадар од ставот (6) на овој член ја води Министерството согласно Законот за општата управна постапка, врз основа на збирката на лични податоци на вработените во училиштата од членот 9-б точка 3 од овој закон.

Член 91

(1) Директорот е раководен орган на јавното средно училиште и одговорен за законитост во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето.

(2) За директор на јавно средно училиште се избира лице кое ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС (VIA ниво) или завршено најмалку високо образование со траење од четири години (најмалку VII/1 степен),
- да има најмалку пет години работно искуство како наставник или стручен соработник,
- да има уверение за положен испит за директор,
- да има, не постар од пет години, меѓународно признат сертификат или уверение за познавање на англискиот јазик: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3 бода, КЕТ (KET) (Cambridge English) – положен, АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2), или да има сертификат, уверение или потврда со кое се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или странство, регистрирана како давател на оваа услуга, освен за наставниците по предметот англиски јазик, француски јазик и германски јазик,
- во моментот на избор за директор со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- да има општа здравствена состојба за работното место и
- да има програма за работа за период од четири години.

(3) По исклучок, доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор.

(4) Доколку избраниот директор не го положи испитот за директор во рокот утврден во ставот (3) на овој член, му престанува мандатот на директор.

(5) Оспособување на кандидати за директори на јавните средни училишта и полагањето на испитот по успешно завршената обука го врши Државниот испитен центар, согласно со закон.

(6) Програмата за подготвување и полагање испит за директори и начинот на спроведувањето на испитот ги пропишува министерот, на предлог на Државниот испитен центар.

(7) На кандидатот кој го положил испитот за директор му се издава уверение.

(8) Формата и содржината на уверението за положен испит за директор на јавно средно училиште ги пропишува министерот, на предлог на Државниот испитен центар.

(9) Трошоците за подготовката на кандидатот за полагање на испит за директор и трошоците за полагање на испит за директор паѓаат на товар на

кандидатот кој е должен да ги уплати на соодветна сметка на Државниот испитен центар.

(10) Мандатот на директорот на јавното средно училиште трае четири години.

(11) Директорот на општинското средно училиште се избира и разрешува од градоначалникот на општината, согласно со овој закон.

(12) Директорот на средното училиште на Градот Скопје се избира и разрешува од градоначалникот на Градот Скопје, согласно со овој закон.

(13) Директорот на државното средно училиште се избира и разрешува од училишниот одбор, по претходна согласност од Министерството, согласно со овој закон.

(14) На наставник, педагог или психолог кој е избран за директор на средно училишта му мирува работниот однос додека ги врши работите директор на средно училишта и има право во рок од 15 дена по престанувањето на мандатот, да се врати на работа во училиштето, односно установата каде работел пред да биде избран за директор за вршење на работи кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.

(15) Ако наставникот, педагогот или психологот од став (14) на овој член не може да се врати во училиштето каде работел пред да биде избран за директор, наставникот, педагогот или психологот се распоредува и заснова работен однос на неопределено работно време на соодветно работно место во друго училиште на подрачјето на општината, односно Градот Скопје.

(16) На наставник и стручен соработник кој се стекнал со звањето наставник-ментор, наставник-советник, стручен соработник-ментор, односно стручен соработник-советник му мирува стекнатото звање додека ги врши работите директор на средно училиште.

Член 93-а

(1) Директорот на средното училиште како орган на раководење има право на плата и надоместоци од плата, според услови и критериуми утврдени со овој закони или колективен договор.

(2) Платата на директор во средно училиште се пресметува во бруто-износ, се исплатува во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец, а се состои од:

- основната бруто-плата и
- дел од плата за работен стаж.

(3) Основната бруто-плата на директорот се пресметува така што основната бруто плата на наставник се зголемува за соодветен процент во зависност од бројот на паралелките и тоа:

- за директор на средно училиште со над 50 паралелки се зголемува за 49%,
- за директор во средно училиште од 37 до 50 паралелки се зголемува за 34%,
- за директор во средно училиште со ресурсен центар се зголемува за 34%,
- за директор во средно училиште од 17 до 36 паралелки се зголемува за 30%,
- за директор во средно училиште до 16 паралелки се зголемува за 22% и
- за помошник директор се зголемува за 9%.

(4) Делот на плата за работниот стаж на директорот на средно училиште се вреднува во износ од 0,5% од основната бруто-плата на директор за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Член 93-в

(1) Градоначалникот, односно министерот, во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста на директор од редот на наставниците и стручните соработници во средното училиште.

(2) Вршителот на должноста на директор треба да ги исполнува условите за директор од членот 91 став (2) од овој закон, освен да има програма за работа за период од четири години.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, доколку никој од наставниците и стручните соработници во средното училиште не поседува уверение за положен испит за директор за средно училиште и/или нема меѓународно признат сертификат или уверение за познавање на англискиот јазик: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3 бода, КЕТ (KET) (Cambridge English) – положен, АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) или сертификат, уверение или потврда со кое се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, може да се именува и наставник, односно стручен соработник од редот на вработените во средното училиште, како вршител на должноста на директор.

(4) Градоначалникот, односно министерот 30 дена пред истекот на рокот од став (6) на овој член, донесува одлука училишниот одбор да објави јавен оглас за избор на директор.

(5) Вршител на должноста на директор се именува и во случаи на предвремен престанок на мандатот на директорот.

(6) Вршителот на должноста на директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.